# ПРАВИЛНИК
# за ЈММО и екипа за ЈБМО 2025

1. 29. Јуниорска Македонска Математичка Олимпијада (ЈММО 2025) ќе се одржи во првата половина од месец мај 2025 година.
2. На ЈММО 2025 ќе се поканат приближно 40 ученици според резултатите од републичките натпревари за основно и средно образование за учебната 2024/25. Ќе се поканат учениците од седмо одделение рангирани повисоко од 7-то место, учениците од осмо одделение рангирани на повисоко од 13-то место и учениците од деветто одделение рангирани на повисоко од 19-то место. Освен тоа ќе се поканат сите ученици кои на републичкиот натпревар за средно образование освоиле награда и на 26.12.2024 година немале полни 15 години.
3. На ЈММО 2025 учениците ќе решаваат 5 задачи во времетраење од 270 минути. Секоја целосно решена задача се вреднува со 8 поени.
4. Учениците се рангираат според освоените поени на ЈММО 2025, при што поголем број поени ги рангира повисоко (помал број означува повисок ранг). Доколку два или повеќе ученици освојат еднаков број поени, се рангираат на истото повисоко место, а останатиот/останатите рангови се прескокнуваат.
5. Околу (не повеќе од) две третини од натпреварувачите на ЈММО 2025 ќе освојат медал (златен, сребрен или бронзен). Бројот на доделени златни, сребрени и бронзени медали ќе е приближно во однос 1:2:3. Учесниците на ЈММО 2025 кои нема да освојат медал, но имаат барем една целосно решена задача, ќе добијат пофалница. Сите учесници ќе добијат сертификат за учество.
6. Со завршувањето на ЈММО 2025, учениците рангирани на повисоко од 13-то место се квалификуваат за учество на тестирање (ЈБМО Тест) за избор на олимписка екипа за ЈБМО 2025.
7. ЈБМО Тестот ќе се одржи една или две семици по ЈММО 2025. Форматот на ЈБМО Тестот ќе биде идентичен со ЈБМО форматот: во еден натпреварувачки ден, во времетраење од 270 минути, натпреварувачите ќе решаваат 4 задачи. Секоја целосно решена задача се вреднува со 10 поени.
8. По завршувањето на ЈБМО Тестот ќе се изготви ранг-листа на која за секој учесник се собрани поените од ЈММО 2025 (максимум 40) и поените од ЈБМО Тестот (максимум 40). Учениците со еднаков вкупен број на поени се рангираат според освоените поени од ЈБМО Тестот.
9. Прворангираните 6 натпреварувачи според оваа листа ја сочинуваат Македонската екипата за ЈБМО 2025. Во случај да има (вкупно) повеќе од 6 ученици рангирани на повисоко од 7-мо место, тогаш за најнискорангираните меѓу нив одлучуваат резултатите остварени во јуниорска конкуренција на Последниот меморијален математички натпревар „Александар Блажевски - Цане“ (неучество е еквивалентно на 0 поени), а останатите влегуваат директно во тимот. Доколку сеуште има повеќе ученици на делба на место за ЈБМО екипата, тогаш за нив се организира дополнително тестирање од форматот на ЈБМО Тестот.
10. Во години во кои СММ ја организира ЈБМО (како 2025-та), доколку резултатите на ЈММО се добри и има доволни финансии Македонија праќа и втора (гостинска) екипа на ЈБМО. Во ваков случај броевите во точка 6 и 9 се зголемуваат за 6. Во точка 6. учениците рангирани повисоко од 19-то место одат на ЈБМО Тестот. Во точка 9. се избираат официјална екипа од прворангираните 6 ученици и гостинска екипа од учениците рангирани од 7-мо до 12-то место, при што во случај на делба се одлучува како во точка 9 (за двете екипи).

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА СММ СКОПЈЕ

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски

претседател на СММ